„Кој нема милост кон луѓето и Аллах нема да има милост кон него.“

Од Џерир бин Абдулах, радијаллаху анху: Рекол Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „Кој нема милост кон луѓето и Аллах нема да има милост кон него.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни кажува дека: кој не е милостив кон другите, Аллах Возвишениот нема да му се смилува. Затоа, милоста кон другите е една од главните причини заради која Аллах ќе ја покаже Својата милост кон него.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5439